Снежана Букал

# БЕЗ ЗБОГУМ НА СЕТО ТОА

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА УРБАН ФЛУИД

2015

Copyright за македоинското издание: © Културна установа Блесок, 2015.
Copyright of the translation: © S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било
начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: Snežana Bukal “Bez zbogom svemu tome”

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, литературна мрежа на која припаѓаат Сојузното министерство за Европа, интеграции и надворешни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, Кабинетот на сојузниот канцелар на Република Австрија, КултурКонтакт Австрија, Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска, Ресорот за култура на владата на кнежеството Лихтенштајн, фондацијата за култура на Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија и фондацијата С. Фишер.

traduki

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.4-32

БУКАЛ, Снежана
Без збогум на сето тоа / Снежана Букал ; превод од хрватски Калина Буневска Исаковска. - Скопје : Блесок, 2015. - 271 стр. ; 20 см. - (Едиција Урбан флуид)

Превод на делото: Bez zbogom svemu tome / Snežana Bukal. - Слика и белешка за авторката: стр. 271

ISBN 978-9989-59-630-8
I. Bukal, Snežana види Букал, Снежана

COBISS.MK-ID 98399498

**Снежана Букал**

# БЕЗ ЗБОГУМ НА СЕТО ТОА

Превод од хрватски:
**Калина Буневска Исаковска**

Културна установа
Б Л Е С О К
2015

# Содржина


**СКАЗНИ ОД ДАМНИНА** **13**

ПРВА ПРОМЕНА 15

НАСЛЕДНИЧКА 18

ЕЛЕНЧЕ/БУБАЧКА 21

FUGA DEMONIS 26

**И ПОТОА** **29**

НИЗ ГРАДОВИ И ВРЕМЕ ИЛИ ТРЕТА ФАБРИКА 31

ДОАЃАЊЕ 33

КРИЕНКА ВО ВЕСТЕРН ПАРК 37

КОРАЛ, ЗЛАТО И ДЕЛФИНИ 39

ПАТОТ ЗА ЗОРГВЛИЕТ 42

ПИСМЕНЦЕ 45

СО ГЛАВА НИЗ СТАКЛО 48

ГОЛЕМИОТ ВОЕН ОСТРОВ 50

ДВЕ АВАНТУРИСТИЧКИ ПРИКАЗНИ
ЗА ВРАЌАЊЕТО НА УКРАДЕНИТЕ ДЕЦА 59

ДОРА 59

ДОЛГИ ШЕСТ МЕСЕЦИ ПОДОЦНА, НИНА 67

ЗЕМАЊЕ ЗДИВ 78

ЦРКВАТА РУЖИЦА 80

ОМЕГА, КАКО НЕКОГАШ ВЕТРОТ ВО ТОПОЛИТЕ 86

КРУГОВИ, КРУГОВИ 92

ПРОВАЛИЈА 94

ДОАЃА СТРАШНОТО ЧОХАНО 96

ЗАГУБЕНИ СЛИКИ 109

ВО ПОТРАГА ПО НИКОЛА ТЕСЛА 120

| | |
|---|---|
| МРЕЖА | 128 |
| ЗЕМЈИНА ТЕЖА | 133 |
| БЕЛГРАДСКОТО ЛЕТО ВИЗАНТИСКО | 140 |
| *EQUITY*, ВЕЛИГДЕНСКА ПРИКАЗНА | 155 |
| ВАГА | 158 |
| ПРАШАЊЕ | 159 |
| БАШ, БАШ, БАШ | 160 |
| НА ПЕТРОВЕЧКИОТ МОСТ | 162 |
| НА РАЖЕН | 164 |
| ТИШИНА | 165 |
| РАЗДЕЛБА | 166 |
| ОДЛУКА | 167 |
| ДА | 168 |
| КОЛИБАТА НА ЈОН | 169 |
| НЕПОТРЕБНО | 171 |
| ГРАФИТИ | 173 |
| СОНОВИ | 175 |
| ПРЕД ПОЛНОЌ | 176 |
| А. И С. | 177 |
| ПРИЗНАВАМ | 178 |
| ДАНКА | 179 |
| ПИСМО ДО ПРИЈАТЕЛОТ | 182 |
| НАЈВАЖНОТО | 189 |
| ТРОПАР | 190 |
| ЕНТЕЛЕХИЈА | 194 |
| НОСТАЛГИЈА, ПОПИС | 196 |
| ЗА МАЧКАТА КАВАДИЈАС И ОСТАНАТИТЕ РАСИПНИЧКИ | 199 |
| БАТАЛИ ГО ТОА | 201 |
| ШТО ОСТАНА ОД СÈ? | 202 |

КРАЈ НА ИГРАТА 203
ПАТУВАЧКА 212
МАЈЧИН 214
СРЕЧКО КОСОВЕЛ 215
ПОДОЦНА 216
ЗАПОЗНАЈ ГО СВЕТОТ ЗА ДА ГО САКАШ 217
ВО ВОЗОТ ЗА СПЛИТ 221
НЕГДЕ ДРУГАДЕ 226
РАСКАЖУВАЈ МИ ПРИКАЗНА, УМОРЕН СУМ, ВЕЛИ АНДРЕ 228
ДАЛЕКУ 231
ПАСОШИТЕ УБИВААТ, НЕЛИ? 235
МАМА, ДАЛИ ВИЕНА Е ПРАГА? 237
КАПЕТАНСКИТЕ ПОЛИЊА 243
НЕВИДЛИВИ ПРИКАЗНИ 245
НЕКОЈА СИ НОЌ КАЈ ТАТО 249
ЖЕЉКО 250
ОЛЕСНУВАЊА 251
ТОА ШТО ГО НЕМА 252
НЕ 253
ОД ПЛИМА ВО ОСЕКА И НАЗАД 254
КАКО КАПАР 265

*Игоре, пријателу, македонсково издание
го посветувам на Тебе и фала ти што на
многумина па и на мене ни ја отвори вратата
на македонскиот јазик. Ќе го продолжиме
дружењето во градот на Пријателите.*

**Снежана Букал**
**Без збогум на сето тоа**

Градот на Пријателите не постои ниту на една географска карта, тоа е обичен град, лек против несоница, составен од сеќавања на градовите во кои сум живеела. Во него редовно се среќаваме ние, растурени на четирите страни на светот, овдешни и не-овдешни. Оваа книга е посветена на нас, на тато, мама, Милутин, Лацко, Ѓурѓа, Вида, Јаспер, Андреј, Алберт, Антоанет, Жељко, Љуба, Лини, Банет и Галет, Анс и Андреј, Роб и Маријка, Милена, Аца, Петра, Исидора, Мио, Лу, Ива, Шурд, Лауренс, Рој, Паула, Фери, Робин, Анс и Јап, Попер, Лола, Монтана, не морам ни да кажам зошто, заради сè.

# СКАЗНИ ОД ДАМНИНА

## ПРВА ПРОМЕНА

Беше тоа во време на вистинска, денес непостоечка магија. Таа куќа беше во друго светло – потемно, меѓу поразлични мириси – поегзотични и од друго време – побавно, од куќата и од градот во кој се наоѓаше. Иако денес ми се чини дека ниту самата куќа во акварел на чинарите, ниту самиот град распнат на шилците на Катедралата веќе не постојат. Освен во моето сеќавање.

Јас секогаш трчав пред татко ми и мајка ми, а срцето ми потскокнуваше и бучно чукаше: *Одиме на Кресници! Одиме на Кресници!*; прва ја отворав капијата од железо исковано во облик на паунов опаш, прва влегував во градината, прва ги вдишував длабоко мирисите – од ариш, тиса, туја – прва ќе застанев пред вратата на куќата и победоносно ја спуштав раката на алката во облик на лав со страшни заби, искокорени очи и надуени образи. Баба ми прва ќе ме здогледаше и ќе речеше нешто љубезно и мирно, како да ѝ доаѓам секој ден, а не само еднаш годишно. А потоа погласно, кон полутемнината и собата, *онаа соба*, како тој да може да ја слушне. И дури тогаш еве ја и фамилијата, стигнуваат по мене. И додека тие ќе седеа во трпезаријата, на неудобни црни столови со високи наслони, јас веќе бев во градината покрај својот рибник, овален, полн со лисја каде во средината неподвижен лебдеше розикавиот делфин. И како што сѐ во градината е полумрачно, полумиризливо, диво и начнато а со години исто, така и во куќата беше сѐ помрачно и поголемо отколку во сите куќи во кои дотогаш сум била. Тука ги поминувам долгите летни денови во истражување, во талкање, зашто тајните на таа куќа немаат крај. И не само тајни, не се исцрпува таа во тајните. Во неа сѐ звучи различно, нејзините предмети имаат своја музика. Табернакулот и везовите кои никогаш веќе, во ниту еден дом нема да ги видам, а врз кои, седејќи скрснозе, ги прелиствувам книгите: *Uber de simpucibus Benedicti Rinij* полна со калиграфски натписи и бакрорези на билки со чудни имиња – ѕвонец, дубчец, ораљ-кокте, волчи-боб, тексти корен,

вулчеќе јаболко, пасјо муче[1] *Erbario Italiano-illrico*, Фрезеровото *Билкарство*, *Herbario nuovo di Castore Durante* полн со славонски имиња кои ги допишал некој свештеник од Црес, *Флората на кнежевина Србија*, Лазиќевата *Природна историја*, Шулековиот *Именик на билки.* Хербариуми и тетратки во кои педантно, со зелено мастило, со називи на хрватски, латински, чешки и германски, се опишани билките кои мојот дедо, билкар, биолог и филолог, ги наоѓал на своите долги патувања по Далмација. Сѐ во оваа куќа е бившо, сѐ потсетува на нешто поранешно и врз сето – веројатно оттука и магијата, бидејќи немам други зборови за светлото, боите, сенките и мирисите, таа тишина, гугутките кои ме будат во зори – врз сето е налегната тишина, сува прашина и сребренеста пајажина.

Понекогаш баба ме внесува во дедовата соба, која и мижејќи можев да ја најдам, секогаш, по боцкавиот мирис на камфор и ментол и нешто не-овдешно, на кое никогаш не му го открив името. А во собата, врз големиот кревет, секогаш исто, веќе со години, од пред и јас да се родам, лежи дедо – уредно покриен со бел чаршаф до вратот, со рацете ставени на градите, неподвижен. Само неговите очи, црни подвижни прорези, поткажуваат дека во него има живот.

Можеби сеќавањето додаде повеќе позлата и темнина на оваа куќа. Сеедно.

Едно рано утро се будам на Кресници, во преголемиот кревет за двајца. Сама сум во собата, синото утро само што изгрева, сѐ уште во рабовите на окната се чувствува ноќта и ноќната свежина. Се будам со чудно чувство, со болка, се откривам, гледам зачудено, со недоверба: и белата ноќница и белите чаршафи порабени со тантела, сѐ е покриено со големи црвени дамки. И тогаш, во тишината со ништо поматена, во тоа прво рано светло, сама со

---

[1] имиња на билки, запишани во спомнатата книга на Бенедикт Ријн; тешко е да се претпостави на кои билки се однесуваат тие очудени имиња, заради што и не се преведуваат (заб. прев.)

себе, со победничка насмевка на лицето, го прославувам првиот, вистински, посакуван, читава година потајно исчекуван знак за својата отсекогаш будна женственост.

Кога денес, по многу години, мислам на тоа, ми се чини, се разбира, дека баш во тој дом, истовремено и близок и бесконечно далек, оттаму и нестварен, во таа куќа – првата земја на смртта која ја запознав – дека баш тука, затоа што сум токму таква, тоа мораше да се случи.

*Загреб - Белград, 1989.*

## НАСЛЕДНИЧКА

Ја мачеше неприпаѓањето. Немањето пари. Неизвесната судбина на нејзините ќерки. Горчината дека нешто ѝ е ускратено. Нодостигот на светло и сјај. Нежните зборови. Невработеноста и лошите работи. Мајчинството. Глувата празнина на љубовта. Понекогаш и немирот на срцето. Затвореноста, осаменоста и вечното преиспитување, јаловото самозапознавање. И како девојче често се прашуваше: Каква сум? Каква сум? Лееше, се разбира, митскиот дожд. А таа потајно се надеваше дека овој пат можеби нема да сопре.

Родена е барем двапати.

Првпат кога една ноќ во декември снегулките стрвно се голтаа една со друга. Нејзиниот татко полека се претвораше во смрзнат столб, со очите втренчено вперени во огромното сиво здание и жолтото светло на четвртиот кат, и се молеше, тој, кој ниеден бог не почитуваше, зошто како инаку, склопувајќи ги очите околу полноќ, би видел чапја која нагло го подигнала вратот разбудувајќи се од сонот и високо ја кренала фината бела глава, така што во секое од двете црни очи се одгледувала по една половина од замрзнатиот месец?

Татко, зар така било?

И вторпат: триесетгодишна, мрачна, исполнета како кугла од мурано стакло. Во тесната кујна посипана со некаков отров, наведната над мијалникот, држејќи брич со дршка од коска од камила, со сечивото над надлактиците. Загледана во нив како првпат да ги гледа, како да не ги гледа, како отсекогаш во нив да гледала. Промислена. Спремна да донесе одлука. Отворена единствено за студеноста која доаѓа од терацо-подот и низ листовите, бутините и рбетот, низ тилот и темето оди понатаму, до капата небеска. Не, тогаш не беше жена, туку проводник на светлината и на мразот.

Некаков крш сепак се предвидуваше. Всушност, отсекогаш. Ноќи и ноќи, во длабоката тишина, потслушнуваше како зад рамномерните вдишувања и издишувања во далечината пука мраз-

от. Или се кине нешто. Пукнатината кон која не сакаше да пружи рака, но беше доволна да ги стивне звуците и така да ја сети. Беше тоа линија на црнилото, тешко и густо, порабено со црно, и иако неволно признаваше, од неа доаѓаше живот.

Со една нога стоеше вкоренета во жив песок на почетокот, со друга во мракот на идното. И не можеше да се дише, тука немаше место за воздух. Мислеше: ќе излезам некако сама од тој мрак. Ете, во тоа е целата мудрост. Единствената тајна. Во тоа згрешиле сите претходнички што сега мирно лежат во крвта ми. Бидејќи нема да има, нема и никогаш немало некој што би можел да чекори напред и од копнежот, од длабокиот нестрплив оган – да се сврти.

Тоа ѝ се читаше на лицето. Можеше да влезеш во нејзините очи, но не можеше веќе од нив да излезеш.

Уште нешто, од времето кога ластовиците се гнездеа на нејзиниот прозор, кога пајаците во мрачните ќошиња на дабовиот кревет плетеа мрежа за среќа, кога собата беше огромна. Над куќата се дигаше таван, тука ѝ беше домот. Најмногу беше сама. Тој понекогаш доаѓаше, ненајавен. Внимателно ѝ ги расплетуваше кадриците и зборуваше: Јас кој се викам З. на тебе која си родена со името А. ти го подарувам ова утро и толку злато кое од небото паѓа колку што можеш со своето тело да фатиш.

И потскокнуваше по неговите образи не чувајќи се од она коешто секогаш можеше да го види на самиот крај на погледот, таму каде што видот преоѓа во црнило, како безгрижно се нишка на црвеното парче од нејзините усни. Всушност, не го гледаше. Попрво го мирисаше. Беше тоа нешто што дури идното време ќе го именува, нешто сулфурно и врело, и таа го сакаше. Секогаш го бацуваше почнувајќи од челото, со јазикот и малите дланки, по вратот и рамената, по цврстиот стомак. Сѐ беше во нејзина власт и како плима и осека надоаѓаше кон нејзе и си одеше. Беше тоа машко тело, познато, но сѐ уште неименувано.

После, по сето, сама и гола, стоеше пред напукнатото ничие огледало и со прстот лизгаше по усните небесни и усните земски.

Додека правливите опаши на светлото светеа околу неа. Додека расеано се спремаше да зачекори низ дрвените трупци во денот, непроменета, само малку потешка отколку што беше час порано, кога скришно се качи горе.

За тоа време тој стоеше невидлив во сите ќошиња, внимателно чувајќи се од светло – црн, висок и исправен, потсмешлив и убав, и загрижено кимаше со главата додека кон неа го подаваше својот единствен прст со кој можеше да блуе оган за огнените, лед за ледените, ден за дневните и ноќ за оние од ноќта.

*Белград, 1989.*

## ЕЛЕНЧЕ/БУБАЧКА

Ме разбудија. Спиев на задното седиште. Стигнавме. Стигнавме до Божјиот храм. Не претерувам, ова место го заслужува тоа име, со својата големина, со својата долговечност, со способноста сè околу себе, целиот простор себеси да го подреди. Црквите во град се мрачни, светлото им доаѓа однадвор, искршено, фалсификувано со боите на витрајот, натопено со тешкиот мирис на темјанот. Ова здание ниту малку не им наликува; неговата архитектура е подредена само на едно барање, да се собере што повеќе светло: и големите прозори и голите бели ѕидови и мермерниот под и широко отворената дабова порта низ која продира шумскиот зрак на кој темјанот од кадилницата не му може ништо.

Господи помилуј, господи помилуј, повторува младиот свештеник. Држи миса задушница за својот претходник, мојот дедо. Стојам со рацете покорно прекрстени пред себе и сè повеќе се обидувам да се внесам, тоа е сè поневеројатно: рано утро во црква сред шума, поплава од зеленило и светло која го буни окото навикнато на градско сивило и отсутност на бои, згрбавениот свештеник со големи уши кој ме бацува, како и секогаш, во образи и чело, и кој набрзина го поставува белиот чаршаф од грубо ткаено платно на кој ја спушта пченицата, виното и погачата; две јаболка кои скромно стојат покрај иконата и дедовата смрт, се разбира.

Со години не сум била тука, но свештеничките уши ми помагаат непогрешливо да се сетам на сè кога ќе ги здогледам: на фијакерот, на топлите ќерамиди под нозете, на мајчините раце кои ставаат ќебенце преку моите нозе, зорите, коњот кој збревта и испушта бела пареа, првите петли додека, веќе потполно будна, летам назад дома, во град.

Со какви сè чуда беше снабдена куќата од црвени цигли! А пред неа, во огромното двориште уште поголема камбана, мојата џиновска лулашка под која, високо летајќи, некогаш одамна, одамна ги довикував облаците и громовите. Како во нем филм: дедо истрчува во дворот и мавта со рацете, по него домаќинката,

тета Тале, по нејзе веќе спомнатиот свештеник и неговите митски уши, по него едно дете со белег на образот, додека јас летам сè повеќе, замаена и глува под грмењето на ѕвоното.

Младиот свештеник се труди, се обидува да даде сè од себе, но залудно – не знае да пее. Неговото пеење речиси го навредува споменот на дедото, на неговиот глас од кој трепереа ѕидовите на црквата и под кој и најнепослушните ја спуштаа главата.

А потоа на сред служба се случи ова: здогледувам бубачка како полека ползи по белиот камен под. Наспроти еден поп една бубачка, *Lucanus servus*, исто така божјо суштество. Од оние најкрупните, тврдокрилни, црни како најгуста ноќ, и од кои се измамуваат сончевите зраци во целиот спектар на бои. Таква беше таа бубачка. И одеше тврдоглаво право, по нејзин познат пат. Дошла од шумата, низ портата, но каде тргнала? Ја здогледав додека покорно, со прекрстени раце, џабе се обидував да ја почувствувам мистеријата на обредот и да учествувам во него. Но некако сè поминуваше покрај мене како фин песок. Се обидував да ги вратам сеќавањата, да бидам тажна, гледав втренчено во една точка. А тогаш одникаде, од црнилото на таа точка, се појави бубачката. За нејзе сакам да ви зборувам. Ако воопшто можно тоа да се раскаже.

Ја здогледувам, значи, бубачката. Одмерено и рамномерно се приближува кон чевлите на свештеникот. Се прашувам дали ќе ги заобиколи или ќе премине преку нив. Бидејќи зошто една бубачка би имала какво било почитување кон чифт црни чевли, не премногу нови и добро изгазени? Тоа беше тажен и беден чифт чевли, но таа не можеше тоа да го знае. Или свештеникот ќе ја здогледа и ќе ја бутне, можеби и згазне. Можеби само ќе се потргне од местото. Можеби владее со некој таен завет и закон кој го обврзува на одредено делување во случај бубачката да се закани да ја наруши задушницата, неговиот таен разговор со Бога кој ми се измолкнува од моите уши, а тоа ме лути.

Бидејќи, освен самиот дедо, во неговата црква Бог можеше да се слушне секогаш. И во црквата и во шумата. И во куќата од

црвени цигли. И на правливиот пат кој водеше до куќата. И во огромниот кревет полн со дебели јоргани и бели тантелни перници, во собата на која се спушташе темнината полна со звуци, полна со самовили, со добри и зли суштества. Во неговата библиотека помеѓу книгите кои носат неразбирливи, опојни тајни, во неговите беседи: за добрите дела, за добротворството, за каењето, за скромноста и љубовта, за гревот, за храброста, за слободата на волјата. Во крупниот лелеав ракопис, во записи на рабовите на книгата со чудни наслови во кои лежат најчудните закони, на географијата, времето, зборовите: Хам, Арарат, Нинива, Алаам, Витлеем, Пела, Махерус, Мемфис, Антиохија, Ерихон, Галгала, Арматем, Номба, Емалис, Јафа, Галилеа безбожна. Во приказните за пергаментот и мембраната, за папирусот, за брзописците и краснописците, за кодексите, за една школа во која се учеле грчки и латински, француски и старословенски, библиска географија и историја, логика, филозофија и догматика, цртање и пеење, но сепак најголемиот грев било огледалцето заради кое се протерувало од школо; за писарите и чиновниците; за царевите – Август Цезар, Калигула, Тиберij, Клаудие, Ирод Агрипа, Нерон, Веспазијан, Тит, Домицијан, Нерва и Трајан; за смртта на евангелистот Јован; за смртта на седумдесетте ученици: Јаков, Марко и Лука, Клеопа, Симеон, Варнава, Јуст, Тадеј, Ананија, првомаченик Стефан, Филип, Прохор, Никанор, Тимон, Пармен, Тимотеј, Тит, Филимон, Онисим, Епафрас, Архип, Сила, Силуан, Крискент, Флегонт, Епенет, Андроник, Стахиј, Амплиј, Урван, Наркис, Апелиј, Аристовул, Иродион, Агав, Руф, Асинкрит, Флегонт, Ерма, Патров, Ермиј, Лин, Гај, Филолог, Луциј, Јасон, Сосипатр, Олимп, Тертиј, Ераст, Кварт, Евод, Онисифор, Климент, Сосфен, Аполос, Епафродит, Карп, Кодрат, Марко, Зин, Аристарх, Пуд, Трофим, Марко, Артем, Акил, Фортунат и Ахаик, Дионисиј Ареопагит и Симеон Нигер, од кои секој носи своја приказна и чии коски се изгубени по сончевите долини на Картагина, Тракија, Халкидон, Сирија, Амасија, Галилеја и Византија.

И приказните за шеширите, со прекрасни гранки, со виолетова свила и еден споменик под брезите; за срчата на калемот на кој би ги напишала сите понатамошни раскази; за времето кое некогаш се викало авив, иу, нисан, игијар, иули, зуф, сиван, кога се празнувала педесетницата и кога зрее јачменот, тамуз полн со сонце, ав целиот блескав, во јарки бои на зрелото овошје, елул пијан и тежок, етаним[2], мојот црвен етаним, мојот преврат, моето преземање на власта, мерсеван или вул и хаслев во чиј леден бел мир сум родена. Благодарејќи на неговите книги, во пустото црковно предворје правев осамени летни пазари на кои зелените лисја се менуваа за драхми и секели, статири, таланди, асари, кондранти и сребреници и дури како дете знаев дека за триесет сребреници, некогаш одамна, одамна можел да се купи само еден роб.

И приказните за ѕвоната и леарниците за ѕвона, за мелодичните и хармонични ѕвона, за малите школски ѕвона и за оние за часовници по државните канцеларии, за огромните ѕвона чија музика подлежи на чудни закони и кои се викаат велико ѕвоно *G*, *E*, *As*, *Cis*, *F*, *A*, *D*, *Fis*, *B*, *Es*, *G i H.*

И уште многу нешта: неговата долга бела брада и неговиот стап од леска и шешир од црн филц или слама. И рацете прекрстени зад грб, и градината покрај куќата во која зрееја долгнавести доматчиња чиј мирис и вкус повеќе никогаш нема да се вратат; и свештеникот со големите уши кои знаеше сè, баш сè, за родословието на сите вампири кои се појавуваат во тој крај покрај водениците и крстосниците.

Од дедовиот дом од црвена цигла си водеа патишта во разни времиња, на многу страни. На крстосниците седеше тој, навален на стап, со долга бела брада, со насмевка, склон да се насмее, благ покрај сите свои знаења, постар од огромниот костен под чии гранки раснев.

Бубачката се влече по подот, еве ја, само што не стигнала до нозете на свештеникот. И тогаш полета: нејзините крила послани

[2] Месец септември на хибру (заб. прев.)

со злато затреперера во црквата пред таа да исчезне засекогаш некаде зад дрвјата кои, нели, ги памтам поголеми отколку што денес окото ги гледа.

*Белград, 1989.*